## Прилог 1

## Хронологија на промените во поставеноста на монетарните инструменти на Народната банка и избрани одлуки од областа на супервизијата донесени во периодот од 2013 година наваму

### јануари 2013 година

- Стапи во сила Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва (донесена во ноември 2012 година), со која се овозможува намалување на основата за задолжителна резерва на банките за износот на новоодобрените кредити на нето-извозниците и на домашните производители на електрична енергија, како и за вложувањата во должнички хартии од вредност во домашна валута без валутна клаузула, издадени од споменатите претпријатија. Одлуката предвидува и целосно ослободување од издвојување задолжителна резерва за обврските на банките за издадени должнички хартии од вредност во домашна валута и оригинален рок на достасување од најмалку две години. Одлуката ќе се применува заклучно со 2014 година, кога зависно од постигнатите резултати ќе се преиспита потребата од нејзината натамошна примена.

- Донесена е Одлуката за намалување на основната каматна стапка на благајничките записи од 3,75% на 3,5%. Истовремено беше намалена и каматната стапка на расположливите депозити на седум дена од 2% на 1,75%, како и на расположливите депозити преку ноќ од 1,0% на 0,75%.

### март 2013 година

- Донесена е Одлуката за управување со кредитниот ризик, којашто почна да се применува од 1 декември 2013 година.

### јули 2013 година

- Донесена е Одлуката за намалување на основната каматна стапка на благајничките записи од 3,5% на 3,25%. Истовремено беше намалена и каматната стапка на расположливите депозити на седум дена од 1,75% на 1,5%.

- Донесена е Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва со која се намалува стапката на задолжителната резерва за обврските на банките во домашна валута од 10% на 8%, со истовремено зголемување на стапката на задолжителната резерва за обврските во странска валута од 13% на 15%. Исто така, со измените се предвидува стапка на издвојување задолжителна резерва од 0% за обврските на банките кон нерезидентните финансиски друштва, со договорна рочност над една година, како и за сите обврски кон нерезидентите со договорна рочност над две години. За краткорочните обврски кон нерезидентните финансиски друштва во странска валута со договорна рочност до една година и натаму се применува стапка од 13%. Заради задржување на задолжителната резерва во денари и во евра на релативно стабилно ниво, со измените се

предвидува зголемување на делот од задолжителната резерва во евра, којшто се исполнува во денари од 23% на 30%.

**октомври 2013 година**

– Донесена е Одлуката за изменување на Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките. Со оваа одлука се намалува процентот на орочените депозити за кој се претпоставува дека ќе се одлее од банките, од 80% на 60%, а почнува да се применува од 1 декември 2013 година. Со промената ќе се ослободи повеќе простор кај банките за долгорочно кредитирање на реалниот сектор.

**ноември 2013 година**

– Донесена е Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва со која се предвидува НБРМ да не плаќа надомест на издвоената задолжителна резерва (стапката на надомест претходно изнесуваше 1% на задолжителната резерва во денари и 0,1% на задолжителната резерва во евра). Одлуката се применува од 1 јануари 2014 година.

– Донесена е Одлуката за благајничките записи со која се воведува методологија за утврдување на потенцијалната побарувачка на благајнички записи. Во согласност со поставениот механизам, доколку на ниво на вкупниот банкарски систем се утврди дека постои повисока побарувачка од потенцијалната, банките коишто аукцираат со повисоки износи од сопствениот ликвидносен потенцијал, ќе имаат обврска разликата во однос на потенцијалот да ја пласираат во депозити со рок на достасување од седум дена.

**февруари 2014 година**

– Донесена е Одлуката за намалување на каматната стапка на расположливите депозити на седум дена од 1,5% на 1,25%.

**април 2014 година**

– Донесена е Одлуката за изменување и дополнување на методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, со која во постоечката одлука се вршат две измени коишто се би требало позитивно да придонесат за кредитната поддршка на деловните банки кон претпријатијата. Имено, со оваа одлука (а во согласност со промените во новата Регулатива на ЕУ бр. 575/2013 за пруденттните барања за кредитните институции и инвестициските фирми), чинидбените гаранции, односно гаранциите со кои се гарантира извршување одредена работа, се издвојуваат како ставки со средно низок ризик, поради што за нив е предвиден понизок фактор на конверзија (20%), наместо досегашните 50%. Тоа би значело дека при пресметката на адекватноста на капиталот, овие вонбилансни ставки во помал дел би се третирале како билансни, што може да придонесе за подобрување на адекватноста на капиталот и да го поттикне кредитирањето на корпоративниот сектор. Другата

новина што се воведува е мотивирана од меѓународната практика на формирање фондови од страна на нискоризични субјекти (централни влади или мултилатерални развојни банки), чијашто основна цел е финансирање развојни проекти. Финансирањето на овие проекти најчесто се врши преку една или повеќе комерцијални банки, коишто, исто така, учествуваат со своите средства, и тоа: преку поделба на изложеноста во точно определен соодност помеѓу банката и фондот или преку давање гаранции или други слични инструменти со кои фондот (давателот на гаранцијата) гарантира покривање на дел од кредитниот ризик во случај на неплаќање на обврските од страна на должникот. Со цел да се опфатат ваквите случаи, се овозможува поповолен регулаторен третман на фондовите основани од една или повеќе централни влади, мултилатерални развојни банки или јавни институции. За сите овие фондови, пондерот за ризичност ќе изнесува 0%, при што условот ќе биде финансирањето да се изврши со уплата во удели, односно билансните и вонбилансните активности да бидат покриени со капиталот на фондот.

**септември 2014 година**

– Заради натамошно канализирање на вишокот ликвидност на банките кон нефинансискиот сектор, во септември НБРМ го ревидира механизмот за пренос на побарувачката на благајнички записи којашто е над потенцијалот на банките во друг инструмент, т.е. инструментот расположливи депозити на седум дена. Во согласност со овие промени, за расположливите депозити на седум дена коишто банките ќе мора да ги издвојат доколку на аукциите на благајнички записи побаруваат повисок износ од потенцијалниот[1], е утврдена каматна стапка од 0%. За останатите средства коишто банките доброволно ќе ги пласираат во расположливи депозити на седум дена и натаму важи редовната каматна стапка.

**септември 2014 година**

– Советот на Народната банка ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва, со која се продолжува примената на нестандардната мерка за намалување на основата за задолжителна резерва на деловните банки за износот на новоодобрените кредити на нето-извозниците и на домашните производители на електрична енергија. Основна цел на Одлуката е да се обезбеди натамошна поддршка на двата системски значајни сектора на економијата. Досегашната примена на оваа мерка даваше позитивни ефекти врз динамиката на кредитирањето, а со тоа и на целокупниот економски раст, придонесувајќи за намалување на трошокот за финансирање на претпријатијата од двата сектора, но послабо од потенцијалното. Во вакви услови, а имајќи ги предвид податоците што укажуваат на одредена неизвесност околу динамиката на кредитирањето на корпоративниот сектор во следниот период, Одлуката предвидува оваа нестандардна мерка да продолжи да се применува до 31 декември 2015 година.

[1] За начинот на утврдување на потенцијалната побарувачка на благајнички записи видете во Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/13).

**октомври 2014 година**

– Донесена е Одлуката за намалување на каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ од 0,75% на 0,5% и на седумдневните депозити од 1,25% на 1%.

**март 2015 година**

– Донесена е Одлуката за намалување на каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ од 0,5% на 0,25% и на седумдневните депозити од 1% на 0,5%.

– Советот на Народната банка ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за благајничките записи, со која се предвидува нов начин на формирање на понудите на банките на аукциите на благајнички записи. Согласно со Одлуката, износот на понудата на поединечна банка се пресметува со примена на нејзиното соодветно процентуално учество во вкупната понуда на благајнички записи, намалена за износот на достасани благајнички записи на „Македонска банка за поддршка на развојот" АД Скопје. Заради обезбедување на оперативната ефикасност во спроведувањето на аукциите од овој тип и поголема транспарентност кон банките, се предвидува НБРМ пред аукцијата да ги известува банките за максималниот износ на понуда којшто може да го достави секоја поединечна банка. Со примената на оваа можност за формирање на понудата на банките, се очекува и стабилизирање на побарувачката на нивото на понудениот износ, така што се надминува потребата од пресметка на потенцијална побарувачка и следствено се укинува обврската за издвојување на задолжителни седумдневни депозити за банките кога побарувачката на аукцијата ја надминува потенцијалната побарувачка.

**април 2015 година**

– Донесена е Одлуката за кредитот во крајна инстанца со која покрај постојните можности за одобрување кредит во крајна инстанца на банките со залог на должнички хартии од вредност, девизи и побарувања на банките од Народната банка, се воведува можноста за одобрување на овој кредит и со залог на побарувањата на банките од клиенти. Се предвидува овој модалитет на кредитот во крајна инстанца да се активира доколку банката не располага со должнички хартии од вредност и девизи. Во Одлуката се прецизираат и видовите побарувања, коишто се прифатливи за Народната банка, како обезбедување за кредитот во крајна инстанца.

**јуни 2015 година**

– Советот на Народната банка донесе превентивни мерки за управување со капиталните текови на Република Македонија кон Република Грција. Превентивните мерки се однесуваат на ограничување на капиталните одливи од резидентите на Република Македонија (физичките и правните лица) кон грчките субјекти врз основа на новосклучени капитални трансакции, но не и на ограничување на одливите врз основа на пристигнати плаќања за веќе склучени капитални трансакции. Со овие мерки, се ограничуваат само капиталните одливи кон Република Грција и кон

субјекти од Република Грција (како што се одливите за основање друштво, вложување во хартии од вредност, вложување во документи за удел во инвестициски фондови, вложување во инвестициско злато, финансиски кредити, долгорочни заеми и слично), но не се блокира ниту на каков било начин се отежнува сегашното и идното комерцијално работење со субјектите од Република Грција. Тековните трансакции и натаму се слободни. Исто така, за да се задржи сигурноста на странските инвеститори за остварување на правата од нивната сопственост во Република Македонија, не се ограничуваат ниту одливите врз основа на остварените дивиденди. Понатаму, заради обезбедување на средствата коишто ги имаат домашните банки во банките во Република Грција, македонските банки се должни да ги повлечат сите кредити и депозити од банките со седиште во Република Грција и нивните филијали и подружници во Република Грција или во странство, без оглед на договорената рочност. Сепак, за да се овозможи непреченото одвивање на платниот промет со странство за трансакциите коишто не се забранети, е направен исклучок од ова барање за средствата на тековните (кореспондентните) сметки кај тие банки. Досегашните претпазливи и супервизорски мерки и лимити за банките во однос на вложувањата во хартии од вредност вклучително и грчките хартии од вредност, се надополнети со експлицитна забрана за сите резиденти, за вложување во грчки хартии од вредност. Станува збор за заштитни мерки со привремен карактер, коишто се воведени заради заштита од позначително нарушување на рамнотежата во билансот на плаќања и нарушување на стабилноста на финансискиот систем како последица од евентуалните позначителни одливи на капитал од Република Македонија кон Република Грција.

**август 2015 година**

- Советот на Народната банка ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва, со која се врши намалување на стапката на задолжителната резерва за обврските на банките кон физички лица во домашна валута со договорна рочност над една година, од 8% на 0%, со што овие обврски добиваат ист третман како и обврските над две години, за кои веќе се применува стапка 0% од 2012 година. Имајќи предвид дека со измената банките се ослободуваат од задолжителната резерва за депозити на физички лица во денари со рочност повисока од една година, се очекува дека оваа мерка соодветно би придонесла за поголема понуда на штедни производи во денари со стимулативни каматни стапки.

- Советот на Народна банка ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за благајнички записи, со која се предвидува приспособување на механизмот на учество на аукцијата на благајнички записи на Народната банка, каде што основен критериум ќе биде поединечното учество на банките во вкупните обврски во домашна валута без валутна клаузула на банкарскиот систем. Со измените, Народната банка продолжува со поддршката на штедењето на физичките лица во домашна валута и на подолг рок, што им остава простор на банките за активна кредитна поддршка на приватниот сектор.

**декември 2015 година**

- Советот на Народната банка ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, со која се воведуваат мерки за забавување на растот на долгорочните потрошувачки кредити. Со мерката се зголемува капиталното барање за банките за долгорочните потрошувачки кредити со рок еднаков или подолг од осум години. Така, пондерот на ризичност на побарувањата врз основа на потрошувачки кредити со договорен рок на достасување еднаков или подолг од осум години се зголемува од 75%, односно 100%, на 150%. За да не се предизвикаат поголеми потреси на пазарот на потрошувачкото кредитирање, а сепак стапките на раст да се сведат на умерено ниво, оваа мерка е насочена само кон новоодобрените долгорочни потрошувачки кредити, односно кредитите со рок еднаков или подолг од осум години одобрени по 1.1.2016 година. Воедно, со оваа одлука се воведува и повисоко капитално барање (пондер на ризичност од 75%) за растот на пречекорувањата на трансакциските сметки и кредитните картички остварен во однос на 31 декември 2015 година. Целта на оваа одлука е да се спречи можноста од пренасочување кон овој тип задолжување, како резултат на мерката за забавување на потрошувачките кредити. Исто така, со оваа одлука, се создаваат услови за олеснување на пристапот на правните лица. Имено, се намалува капиталното барање за издадените гаранции од страна на банките со кои се гарантира плаќање врз основа на одреден деловен однос на клиентот и за побарувањата на банките коишто се обезбедени со деловен простор којшто исполнува определени услови. На овој начин се овозможува банките да одвојуваат понизок износ на капитал за кредитногаранциското работење со правните лица, вклучително и малите и средните претпријатија, што може да предизвика намалување на трошокот на банките, а со тоа и на клиентите за овој тип работење.

- Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која, почнувајќи од 1 јануари а заклучно со 30 јуни 2016 година, банките ќе вршат отписи на сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. Согласно со постојната регулатива, банките се должни целосно да ги резервираат побарувањата каде што клиентот доцнел најмалку една, па сè до пет години доколку има одредено обезбедување, а со новата мерка, по истекот на две години откако целосно ги резервирала, банката е должна да ги отпише. Притоа, банките и понатаму ќе имаат можност и обврска да преземаат активности за наплата на овие побарувања, иако се отпишани. Мерката не предизвикува дополнителни трошоци за банките, бидејќи се отпишуваат побарувања коишто се веќе целосно резервирани, најмалку пред две години.

- Советот на Народната банка одлучи да се продолжи со примената на нестандардната мерка за намалување на основата за задолжителна резерва во денари на деловните банки за износот на новоодобрените кредити на нето-извозниците и на домашните производители на електрична енергија за дополнителни две години, заклучно со крајот на 2017 година.

– На 29 декември 2015 година престана да важи Одлуката за воведување посебни заштитни мерки, којашто беше донесена од страна на Советот на Народната банка на 28 јуни 2015 година поради должничката криза во Грција во тој период. Мерките се донесоа заради заштита од опасноста од нарушување на рамнотежата во билансот на плаќања или на стабилноста на финансискиот систем на Република Македонија, како последица на евентуалните позначителни одливи на капитал од Република Македонија кон Грција. Тие беа со привремен карактер за период од најмногу шест месеци, со можност за продолжување на нивната примена. Заштитните мерки ја постигнаа целта заради која беа воведени, односно оневозможија поголеми капитални одливи од Република Македонија, не нарушувајќи го притоа деловното работење на домашните компании со грчки субјекти. Рамнотежата во билансот на плаќања и стабилноста на домашниот банкарски систем беа одржани. Состојбата во Грција веќе одреден период се стабилизира. Кредиторите продолжија со финансиското поддржување на Грција, којашто, пак, се обврза да применува економски и социјални реформи, како и мерки за штедење. Поради тоа, со истекот на шестмесечната важност на заштитните мерки на 28 декември 2015 година, односно почнувајќи од 29 декември 2015 година, оваа одлука веќе не е во примена.

**мај 2016 година**

– На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 3 мај 2016 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да биде зголемена за 0,75 процентни поени, од 3,25% на 4%. Одлуката за затегнување на монетарната политика е реакција на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, коишто во целост се последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Со тоа, промената на каматната стапка е одговор на делувањето на фактори од нееkономска природа.

– Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за задолжителната резерва, со која ја зголеми стапката на задолжителната резерва за обврски на банките во домашна валута со валутна клаузула. Мерката е во насока на натамошно поттикнување на процесот на денаризација на депозитите во домашниот банкарски систем. Со оглед на незначителното учество на овие обврски во билансите на банките, измените се исклучиво заради натамошно задржување на ниската склоност на економските субјекти за пласирање на овој вид на депозити во домашните деловни банки.

– заради одржување и зголемување на депозитите во домашниот банкарски систем, Советот на Народната банка ги преиспита и ги подобри условите за пласирање девизни депозити на домашните банки во Народната банка и ја усвои Одлуката за девизниот депозит кај Народната банка на Република Македонија. Во таа смисла, почнувајќи од 13 мај 2016 година, банките можат да пласираат девизни депозити во централната банка по повисоки каматни стапки од тековните негативни каматни стапки, коишто преовладуваат на меѓународните финансиски пазари. Се очекува дека оваа мерка ќе придонесе за намалување на трошоците на домашните банки, што следствено би придонело за повисоки каматни стапки за депозитите на нивните клиенти, домашните правни и физички лица.

**октомври 2016 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 25 октомври 2016 година, беше одлучено да не се нудат дополнителни девизни депозити, коишто банките би ги пласирале во НБРМ.

**декември 2016 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 13 декември 2016 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 3,75%, а понудата на благајнички записи на аукцијата на 14 декември да се зголеми од 22.000 милиони денари на 23.000 милиони денари.

- Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. Оваа Одлука е дел од процесот на усогласување на домашната регулатива со реформите на меѓународниот капитален стандард Базел 3, како и со одредбите на европската Регулатива 575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми, во делот на структурата на сопствените средства на банките. Најзначајните измени се однесуваат на зајакнување на квалитетот на сопствените средства, како од аспект на нивната структура, така и од аспект на критериумите што треба да ги исполнат одредени позиции за да можат да бидат дел од сопствените средства на банките. Во овој контекст, сопствените средства и натаму се делат на основен и дополнителен капитал, **но со новата одлука се менува структурата на основниот капитал којшто се дели на редовен основен капитал и додатен основен капитал.** Во редовниот основен капитал се вклучуваат капитални позиции со највисок квалитет (акционерски капитал и резерви) коишто се во целост и веднаш на располагање за покривање на ризиците и загубите за време на работењето на банката. Новата компонента на сопствените средства, дополнителниот основен капитал, содржи инструменти коишто, меѓу другото, содржат клаузула за нивно претворање во инструменти од редовниот основен капитал или за нивен отпис на времена или на трајна основа (намалување на вредноста на нивната главница), доколку настане т.н. критичен настан. **Со промените на одлуката за адекватноста на капиталот досегашните ограничувања во однос на големината и соодносот на одделните елементи на сопствените средства се заменуваат со законски пропишаните минимални стапки за редовниот основен капитал, основниот капитал и сопствените средства,** односно 4,5% за редовниот основен капитал, 6% за основниот капитал и 8% за сопствените средства од активата пондерирана според ризиците. На овој начин, најголемо значење се дава на позициите од редовниот основен капитал (акции, резерви, задржана нераспоредена добивка), како капитални позиции со највисок квалитет.

**јануари 2017 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 10 јануари 2017 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 3,5%, а понудата на благајнички записи да се зголеми од 23.000 милиони денари на 25.000 милиони денари.

**февруари 2017 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 14 февруари 2017 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 3,25%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на ниво од 25.000 милиони денари.

- На редовната седница на Советот на НБРМ, одржана на 27 февруари 2017 година, беа усвоени повеќе одлуки коишто произлегуваат од измените и дополнувањата на Законот за банките од октомври 2016 година, заради усогласување со Базелската капитална спогодба, т.н. Базел 3, како и со соодветните европски регулативи. Со измените на Законот за банките од октомври 2016 година, банките се должни да одржуваат соодветен износ на капитал за покривање на т.н. заштитни слоеви на капиталот. Во Законот се пропишани четири заштитни слоеви на капиталот: (1) заштитен слој за зачувување на капиталот утврден на нивото од 2,5% од активата пондерирана според ризиците; (2) противцикличен заштитен слој на капиталот којшто може да изнесува 2,5% од активата пондерирана според ризиците, но и повеќе во зависност од други системски фактори/показатели, (3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки којшто се движи од 1% до 3,5% од активата пондерирана според ризиците и (4) системски заштитен слој на капиталот којшто може да се движи од 1% до 3% од активата пондерирана според ризиците. Согласно со одредбите од Законот за банките врз оваа основа, Советот ги усвои следниве одлуки:
- Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки, со која се пропишува начинот на утврдување на системски значајните банки, односно банките чиешто работење е значајно за стабилноста на целокупниот банкарски систем. Исто така, се определија висината на заштитниот слој на капиталот којшто системски значајните банки треба да го исполнуваат во зависност од нивото на системска значајност. Воедно, беше усвоена и одлуката за методологијата за изработка на план на заздравување на системски значајните банки, којшто утврдените системски значајни банки се должни да го достават до Народната банка.
- Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложеност во Република Македонија. Овој заштитен слој има за цел да ги ограничи ризиците поврзани со кредитниот раст, така што тој се воведува при висок кредитен раст, врз основа на пропишани критериуми.
- Одлуката за методологија за утврдување максимален износ на распределба на резултатот од работењето, во која се предвидува ограничување за распределба на резултатот од работењето на банката, доколку таа не одржува соодветен износ на

заштитни слоеви на капиталот. Заштитните слоеви на капиталот се исполнуваат само со најквалитетните капитални позиции, односно т.н. редовен основен капитал.
- Одлуката за методологијата за управување со ризикот на задолженост, којашто претставува стандард од Базелската капитална спогодба, Базел 3, и европските банкарски регулативи и со неа се воведува стапката на задолженост (англ. leverage ratio), како сооднос помеѓу капиталот и активностите на банката. Банките во РМ имаат исклучително ниска задолженост, а целта на воведувањето на овој стандард на меѓународно ниво беше заштита од евентуално преголемото задолжување на банките, во услови на задоволително ниво на адекватност на капиталот.

**март 2017 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 14 март 2017 година, беше одлучено понудата на благајнички записи да се зголеми од 25.000 милиони денари на 30.000 милиони денари.

**јули 2017 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 11 јули 2017 година, беше одлучено понудата на благајнички записи да се намали од 30.000 милиони денари на 27.500 милиони денари.

**август 2017 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 8 август 2017 година, беше одлучено понудата на благајнички записи да се намали од 27.500 милиони денари на 25.000 милиони денари.

**декември 2017 година**

- На редовната седница на Советот на НБРМ, одржана на 21 декември 2017 година, Советот одлучи да се продолжи со примената на нестандардната мерка за намалување на основата за задолжителна резерва во денари на деловните банки за износот на новоодобрените кредити на нето-извозниците и на домашните производители на електрична енергија за дополнителни две години.

**март 2018 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 13 март 2018 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 3,00%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на ниво од 25.000 милиони денари. Воедно, на седницата се одлучи да се намалат каматните стапки на расположливите депозити на 7 дена и преку ноќ, за 0,20 и 0,10 п.п., на нивото од 0,30% и 0,15%, соодветно.

**август 2018 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 14 август 2018 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 2,75%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на ниво од 25.000 милиони денари.

**октомври 2018 година**

- На редовната седница на Советот на НБРМ беше разгледана и донесена Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, во која измените се однесуваат на задолжителната резерва за деловните банки, којашто се одржува во евра. Со усвоените измени кај системот на задолжителната резерва, НБРМ, како и повеќе други централни банки, од ноемврискиот период ќе започне со утврдување надомест на задолжителната резерва во евра, при што висината на надоместот ќе биде директно поврзана со каматната стапка на расположливиот депозит преку ноќ на Европската централна банка. Воедно, согласно со оваа одлука, се менува и пресметката на надоместот што банките го плаќаат на вишокот издвоени средства над задолжителната резерва на девизната сметка во евра во МИПС, при што тој ќе се утврдува по стапка еднаква на каматната стапка на расположливиот депозит преку ноќ на Европската централна банка, намалена за 0,15 процентни поени.

**декември 2018 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ, одржана на 11 декември 2018 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 2,50%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на нивото од 25.000 милиони денари.

**март 2019 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 12 март 2019 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 2,25%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на нивото од 25.000 милиони денари.

**јули 2019 година**

- Во јули 2019 година стапи во сила Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), која Советот на Народната банка ја усвои во август 2018 година. Одлуката е изработена заради усогласување на домашната регулативата со барањата на меѓународниот стандард за финансиско известување МСФИ 9, како и со одредбите од европските стандарди донесени од страна на Европскиот банкарски орган и Европската централна банка, пред сè во однос на дефинирањето на нефункционалните и реструктурираните кредитни изложености. Меѓу другото, со Одлуката е предвидено банките да извршат задолжителен пренос на кредитните изложености кај кои се поминати дванаесет

месеци од датумот кога е направена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва од 100%, на сметките за вонбилансна евиденција (во претходната одлука, периодот за задолжителен пренос беше утврден на две години).

**јануари 2020 година**

- На редовната седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 14 јануари 2020 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 2,0%, а понудата на благајнички записи да биде непроменета, на нивото од 25.000 милиони денари.

**март 2020 година**

- На вонредната електронска седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 16 март 2020 година, поради брзото ширење на вирусната инфекција ковид-19 во глобални рамки со што се продлабочија ризиците и во домашната економија, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се намали за 0,25 процентни поени и таа да изнесува 1,75%.
- Советот на Народната банка одржа вонредна седница на 18 март 2020 година на која во согласност со своите надлежности донесе неколку одлуки заради ублажување на потенцијалните неповолни ефекти врз економијата, предизвикани од појавата на новата вирусна инфекција. Поконкретно, Советот ги донесе следниве одлуки:
- <u>Одлука за изменување на Одлуката за задолжителната резерва</u>. Со оваа измена, Народната банка повторно ја става во функција нестандардната мерка кај задолжителната резерва, со која се овозможува намалување на основата за обврската на задолжителната резерва во денари на деловните банки за износот на новоодобрените и реструктурираните кредити одобрени на претпријатијата во дејности коишто согласно со информациите од Владата на Република Северна Македонија ќе бидат најпогодени од ширењето на ковид-19. Се очекува дека мерката ќе поттикне непречена кредитна поддршка по поволни услови од страна на банките за најпогодените сектори.
- <u>Одлука за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ризиците.</u> Со оваа одлука се одложува рокот во кој банките треба да го достават првиот извештај за процесот на утврдување интерна ликвидност, со што, наместо до 31 мај, оваа обврска ќе треба да се исполни до 30 септември 2020 година. Со ова регулаторно олеснување, на банките и на нивните тимови им се остава простор за поголема фокусираност на обезбедувањето кредитна поддршка на корпоративниот сектор и на населението, како и на одржувањето на квалитетот на кредитното портфолио.
- <u>Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка.</u> Донесена е одлука со којашто се укинуваат провизиите коишто досега се наплатуваа за подигање и враќање на готовината во централниот трезор на Народната банка. Со ова се елиминираат сите трошоци за подигнување и враќање ефективни пари. Ваквите промени придонесуваат за поддршка на процесот на управувањето со готовината

преку минимизирање на евентуалните ризици од пренесување на заразата преку овој канал.

- Советот на Народната банка одржа вонредна електронска седница на 20 март 2020 година, на која донесе регулаторни измени насочени кон привремено олеснување на финансискиот товар на граѓаните и на компаниите што се корисници на кредити, а коишто веќе се соочуваат или во наредниот период би можело да се соочат со реални потешкотии во намирувањето на своите обврски кон банките и штедилниците, предизвикани од состојбата со коронавирусот. Со донесените измени им се дава дополнителен регулаторен простор на банките и штедилниците да им понудат поповолни договорни услови за постојните кредити на оние кредитокорисници – физички и правни лица, коишто пред 29 февруари 2020 година немале проблем со отплатата, односно нивните кредити не биле класифицирани како нефункционални, а во претстојниот период би можело да се соочат со реални потешкотии во намирувањето на своите обврски. Поконкретно, измените се однесуваат на поголема флексибилност на банките и штедилниците при промена на договорните услови за отплата на кредитите во прилог на клиентите, во зависност од потребата и финансиската способност на секој кредиторокорисник. Поповолните услови може да бидат привремено одлагање на обврската за плаќање (грејс-период), пролонгирање на рокот на достасување, пониска каматна стапка, одобрување нов поповолен кредит за затворање на постоечкиот и сл., со што се овозможува намалување на тековниот товар на граѓаните и компаниите во справувањето со негативните притисоци од пандемијата. Промените на договорните услови извршени до 30 септември 2020 година, во согласност со донесените регулаторни измени, нема да се сметаат за реструктурирање на кредитната изложеност. Со тоа, на граѓаните и на компаниите коишто до почетокот на март немале проблем со отплатата на кредитите им се овозможува и непречен натамошен пристап до кредитна поддршка. Истовремено, со регулаторните измени се олеснува и условот за класификација на одреден кредит како нефункционален. Наместо тековниот пристап, согласно со кој банките и штедилниците имаат обврска да ги евидентираат кредитите коишто се со задоцнување подолго од 90 дена како нефункционални, сега критериумот за премин во нефункционално побарување се поместува на 150 дена. Притоа, банките и штедилниците ќе можат да го применат овој третман *само за оние кредитокорисници кои до крајот на февруари 2020 година не се соочувале со проблеми во отплатата.* Ова регулаторно олеснување е исто така од привремен карактер и најдоцна до 31 декември 2020 година, банките и штедилниците ќе имаат обврска целосно да се приспособат на постојните критериуми за утврдување нефункционални кредити.

**април 2020 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 13 април 2020 година, беше одлучено да се намали износот на благајничките записи коишто банките можат да ги запишат кај централната банка, при задржување на основната каматна стапка на истото ниво. Притоа беше одлучено, на аукцијата којашто ќе се одржи на 15 април 2020 година, понудата на благајнички записи да се намали за 8.000 милиони денари во однос на достасаниот износ. Следствено, на аукцијата ќе бидат понудени 17.000 милиони денари, по непроменета каматна стапка од 1,75%. Средствата ослободени со намалената

понуда кај благајничките записи би обезбедиле натамошна поддршка на македонската економија преку одржување на кредитните текови и на кредитниот циклус од страна на банкарскиот систем.
- На 29 април 2020 година Советот на Народната банка на редовната седница донесе регулаторни измени за натамошно олеснување на финансискиот товар за кредитокорисниците преку промена на договорните услови од страна на банките. Поконкретно, во продолжение на претходно донесената одлука во текот на месец март со која беа опфатени кредитокорисниците коишто до крајот на февруари немале проблем со отплатата на кредитните обврски, со новата одлука се опфаќаат и кредитокорисниците на коишто кредитот им е одобрен во периодот од 1 до 24 март оваа година.
- На 29 април 2020 година, Советот донесе одлука со којашто се укинува надоместокот за давање податоци на физички лица од Кредитниот регистар на Народната банка за нивната задолженост кон банките и штедилниците.
- На истата седница беа донесени и измени и дополнувања на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, заради посоодветна примена на одредбите на Европската регулатива за капиталните барања.

**мај 2020 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 12 мај 2020 година, беше одлучено да се намали основната каматна стапка (за 0,25 процентни поени со што таа се сведе на нивото од 1,5%) и понудениот износ на благајнички записи (намалување на понудата на благајнички записи за 7 милијарди денари). На седницата исто така се одлучи да се направат и дополнителни промени преку коишто централната банка ќе им овозможи на банките поголем пристап до ликвидност. Поконкретно, со овие промени се прошири опфатот на хартиите од вредност коишто Народната банка може да ги прифати од домашните банки како инструменти за обезбедување денарска ликвидност во банкарскиот систем, односно Народната банка ќе може да ги прифаќа и домашните државни обврзници со најдолга рочност (15 и 30 години), како и еврообврзниците издадени од страна на државата на меѓународните финансиски пазари, коишто се во сопственост на домашните деловни банки.
- На 29 мај 2020 година, Советот на Народната банка на одржаната редовна седница донесе нова Одлука за методологијата за управување со ликвидносниот ризик, со којашто се прави понатамошно усогласување на домашната регулатива со базелските стандарди (Базел III) и со одредбите на Регулативата на Европската Унија бр. 575/2013, како и со нејзините придружни акти, коишто се однесуваат на базелскиот ликвидносен стандард – стапка на покриеност со ликвидност (англ. Liquidity Coverage Ratio – LCR). Меѓу другото, со донесената одлука се воведуваат значајни новини во врска со стапката на покриеност со ликвидност на банките, којашто претставува сооднос помеѓу висококвалитетната ликвидна актива и нето паричниот одлив и се пресметува на месечно ниво, врз основа на состојбата на крајот на секој месец. Со Одлуката се пропишуваат и различни видови финансиски инструменти коишто банките ќе можат да ги користат за добивање ликвидност што би влијаело позитивно врз појавата на нови инструменти на домашниот пазар или

евентуално поголеми вложување на домашните банки во нови инструменти на странските пазари. Со оглед на новините коишто се воведуваат со Одлуката и потребата за соодветно приспособување на системите на банките кон новите барања, таа ќе се применува од почетокот на следната година.

**јули 2020 година**

- На 31 јули 2020 година, Советот на Народната банка одржа редовна седница на која ја разгледа и ја донесе Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеноста, којашто во работењето на банките ќе се применува од почетокот на следната година. Со оваа одлука се врши натамошно усогласување на домашната регулатива со одредбите од регулативата на Европската Унија и со насоките издадени од Европскиот банкарски орган, во однос на начинот на утврдување и следење на поврзаните лица, утврдувањето изложеност кон лице и голема изложеност и начинот на утврдување и следење на лимитите на изложеноста.

**септември 2020 година**

- На 1 септември 2020 година, по завршување на анализите и по неколку одржани состаноци со претставници на Македонската банкарска асоцијација (МБА), беше соопштено дека согласно со регулаторните измени од март 2020 година банките можат да им понудат на своите клиенти и втора поволна промена на договорните услови за кредитните производи. Целта е да им се помогне на оние клиенти кои се погодени од пандемијата на ковид-19. Условите и начинот на промена на договорните услови за втор период на одложување на отплатата на обврските врз основа на кредит треба да ги дефинираат банките. Вториот период на одложена отплата на кредитите на граѓаните погодени од ковид-кризата може да трае до 6 месеци, односно до крајот на март 2021 година.

**февруари 2021 година**

- На 26 февруари 2021 година Советот на Народната банка одржа редовна седница, на која ја донесе Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките. Оваа одлука се однесува и на штедилниците. Со оваа одлука се делува превентивно, за натамошно зголемување на отпорноста на банкарскиот систем и одржување на стабилноста, во услови на неизвесност околу понатамошниот тек на здравствената криза. Одлуката е од привремен карактер и ќе важи до крајот на оваа година, а Народната банка, најдоцна до 30 септември, повторно ќе ги оцени околностите со пандемијата поради кои е донесена одлуката. Во зависност од оцената, Народната банка може предвремено да го укине ограничувањето од оваа одлука.

**март 2021 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 9 март 2021 година, беше одлучено да се намали основната каматна стапка за 0,25 процентни поени со што таа се сведе на нивото од 1,25%.

**август 2021 година**

- На 3 август 2021 година Советот на Народната банка одржа седница, на која ги разгледа најновите показатели и оцени за банкарскиот сектор, во контекст на донесената Одлука за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките. Оваа одлука беше донесена во февруари оваа година, во согласност со препораките на Меѓународниот монетарен фонд и Европската централна банка. Целта беше да се делува превентивно за натамошно зголемување на отпорноста на банкарскиот систем и одржување на стабилноста, во услови на неизвесност и продолжени ефекти од кризата од пандемијата на КОВИД-19. Како што беше соопштено при носењето на Одлуката, таа предвидува обврска најдоцна до септември 2021 година, Советот на Народната банка повторно да ги оцени околностите со пандемијата поради кои всушност е донесена Одлуката. Постапувајќи согласно со предвидената обврска во Одлуката, Советот ги разгледа актуелните околности и во глобалното и во домашното окружување, како и показателите за банкарскиот систем за првата половина од оваа година и одлучи да ја укине Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда. Одлуката за укинување стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

**март 2022 година**

- Советот на Народната банка ги усвои измените и дополнувањата на Одлуката за менувачки работи, при што се овозможува овластените менувачници, при евентуален недостиг на ефективни странски пари – евра, да се снабдуваат од банките, преку склучување договор со банката. Покрај тоа, за да се спречат какви било шпекулации околу девизниот курс, се воспоставува лимит до кој може тој да се движи, водејќи се од курсот по кој менувачниците ги купиле еврата од банките. Со тоа, Народната банка воведува уште еден заштитен механизам на менувачкиот пазар со кој се обезбедува заштита на граѓаните и во однос на цената по којашто ќе може да купат евра од менувачница, доколку имаат потреба.

**април 2022 година**

- На 1 април 2022 година Советот на Народната банка одржа редовна седница на која беа донесени следниве одлуки:

  – Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, со која би се влијаело врз валутната структура на депозитите во банкарскиот систем. Со измената се предвидува намалување на стапката за задолжителна резерва од денарските обврски од 8% на 6,5%, со едновремено зголемување на стапката на задолжителна резерва од обврските во странска валута од 15% на 16,5%. Оваа измена кај инструментот задолжителна резерва, којашто ќе се применува од јуни годинава, е во согласност со Стратегијата за поддршка на денаризацијата на домашната економија.

– Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, при што се даваат јасни насоки за постапување од страна на банките при продажбата на достасаните, нефункционалните или отпишаните побарувања од договорите за кредит. Овие насоки треба да овозможат унифициран пристап и натамошен развој на пазарот на продажба на кредитните изложености, вклучително и на нефункционалните кредитни изложености, што е една и од мерките предвидени со Стратегијата за поттикнување на справувањето и унапредувањето на управувањето со нефункционалните кредити. Покрај тоа, се овозможува и постепено усогласување со соодветните барања и практики на Европската Унија.

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 12 април 2022 година, беше одлучено да се зголеми основната каматна стапка за 0,25 процентни поени, со што таа изнесува 1,50%.

**мај 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 10 мај 2022 година, беше одлучено да се изврши зголемување на каматната стапка за 0,25 п.п., со што таа изнесува 1,75%.

**јуни 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 14 јуни 2022 година, беше одлучено да се изврши зголемување на каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., до нивото од 2%. На оваа седница на Комитетот беше одлучено да се зголемат и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, за по 0,25 п.п. и 0,15 п.п., соодветно, на нивото од 0,40% и 0,45%, соодветно.
- Советот на Народната банка, на својата редовна седница, донесе одлука за натамошно раздвојување на стапките на задолжителна резерва од валутен аспект, заради стимулирање на штедењето во домашна валута. Народната банка ја намали задолжителната резерва за денарските обврски од 6,5% на 5%, а истовремено ја зголеми стапката на задолжителна резерва за обврските во странска валута од 16,5% на 18%. Оваа мерка, којашто е втора по ред по мартовската промена на стапките на задолжителна резерва, е наменета за натамошно поттикнување на денаризацијата на билансите на банките, што би се постигнало преку промени во каматната политика на банките, поточно преку понуда на релативно поповолни камати на денарските депозитни производи. Воедно, како дополнително зајакнување на ефектот од промените на стапките за издвојување задолжителна резерва, Народната банка го зголеми и делот од задолжителната резерва во странска валута којшто банките го исполнуваат во евра, од тековните 70% на 75%. Пакетот измени кај системот на задолжителна резерва вклучува и зголемување на делот од задолжителната резерва во евра којшто банките го исполнуваат на

просечна основа, од 5% на 10%, што создава услови за пофлексибилно управување со девизната ликвидност на банките на дневна основа. Примената на новите услови на издвојување задолжителна резерва ќе започне во августовскиот период на задолжителната резерва, односно од 10 август 2022 година.

**јули 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 12 јули 2022 година, беше одлучено да се изврши зголемување на каматната стапка на благајничките записи за 0,5 п.п., до нивото од 2,5%.

- Советот на Народната банка, на својата редовна седница, донесе одлука за воведување макропрудентна мерка со која дополнително се јакнат заштитните механизми во банкарскиот систем, заради зачувување на неговата отпорност и натамошно јакнење на финансиската стабилност во услови на постепено зголемување на системските ризици. Имено, врз основа на редовната квартална оцена на системските ризици, како и најновите показатели, се оцени дека има потреба од воведување стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот на банките за изложеностите во Република Северна Македонија, во висина од 0,5%. Со мерката се делува превентивно, односно се продолжува со натамошно зајакнување на капиталната сила на домашните банки, што е во основата на отпорноста на банкарскиот сектор на ризици. Оваа мерка ќе почне да се применува од 1 август 2023 година, што значи обезбедување доволно простор за приспособување на банките и за постепено формирање на заштитниот капитален слој без негативни ефекти врз солидната кредитна поддршка за економијата.

**септември 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 13 септември 2022 година, беше одлучено да се изврши зголемување на каматната стапка на благајничките записи за 0,5 п.п., до нивото од 3%. На оваа седница беше одлучено да се зголемат и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, за по 0,5 п.п., на нивоата од 0,90% и 0,95%, соодветно.
- На седницата на Советот на Народната банка беше донесена одлука за промени кај инструментот за задолжителна резерва, преку кои се поттикнува кредитирањето на проектите поврзани со домашното производство на електрична енергија од обновливи извори. Со оваа одлука, основата за издвојување задолжителна резерва во денари на банките ќе биде намалена за износот на новоодобрените кредити за финансирање проекти за домашно производство на електрична енергија од обновливи извори.
- На седницата Советот на Народната банка ја разгледа редовната квартална оцена на цикличниот системски ризик, врз основа на којашто се утврдува висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот. Најновите оцени покажаа дека банкарскиот сектор и натаму е здрав и стабилен, со задржана отпорност на шокови. Но, тој и натаму работи во неизвесно окружување што

постепено ги зголемува системските ризици, што наметнува потреба од натамошно претпазливо планирање на капиталните позиции на банките. Имајќи ги предвид ваквите околности, Советот донесе одлука со којашто ја потврди претходно утврдената стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите на банките во Република Северна Македонија од 0,5%. Исто така, со новата одлука на Советот се предвиде да се применат и стапките на противцикличниот заштитен слој на капиталот што се утврдени од надлежните органи на другите земји за изложеностите на домашните банки кон клиенти од други земји. Со ова се постигнува натамошно усогласување со регулативата на Европската Унија, а се придонесува за подобро управување со ризиците што се специфични за одделните банки, коишто произлегуваат од нивните изложености кон клиенти од други земји. Банките се должни да ги применуваат овие стапки почнувајќи од 1 октомври 2023 година.

**октомври 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 10 октомври 2022 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,5 п.п. до нивото од 3,5%. На седницата беше одлучено да се зголемат и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,5 п.п.

**ноември 2022 година**

- На седницата одржана на 14 ноември, Советот на Народната банка донесе одлука за промена на стапките на задолжителна резерва на банките, заради натамошно стимулирање на штедењето во домашна валута. Измената на овој инструмент, која е четврта по ред оваа година, опфаќа зголемување на стапката на задолжителна резерва на банките за обврските во странска валута од 18% на 19%. Зголемен е и делот од задолжителната резерва во странска валута којшто банките го исполнуваат во евра, од 75% на 77%, со што се зајакнува ефектот од промената во овој инструмент. Се очекува дека со мерката ќе се засилат започнатите промени во каматната политика на банките и дека банките ќе понудат поповолни камати за сите категории денарски депозити, придонесувајќи за посилен раст на штедењето во домашна валута. Истовремено, со оваа промена би се постигнало и оптимално управување со ликвидноста.
- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 15 ноември 2022 година, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,75 п.п. до нивото од 4,25%. Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, зголемени се и каматните стапки на кредитот преку ноќ, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,75 п.п.

**декември 2022 година**

- На седницата на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка, одржана на 13 декември 2022 година, беше одлучено каматната стапка на

благајничките записи да се зголеми за 0,50 п.п. до нивото од 4,75%. Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, зголемени се и каматните стапки на кредитот преку ноќ. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,50 п.п.
- Советот на Народната банка, на одржаната седница на 28 декември ги разгледа и ги усвои мерките за натамошно јакнење на отпорноста на билансите на банкарскиот систем, а во услови на пролонгирана неизвесност во домашното и глобалното економско окружување. За таа цел, беше донесена одлука за зголемување на стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложеностите на банките во домашната економија. Стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот беше зголемена за 0,25 процентни поени, до нивото од 0,75%, што ќе се применува од 1 јануари 2024 година.

**февруари 2023 година**

- На седницата одржана на 2 февруари 2023 година, Советот на Народната банка ја донесе Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките, со која се вршат позначителни промени за зголемување на опфатот на податоците коишто ги објавуваат банките и на фреквенцијата на објавите. Промените се однесуваат на зголемување на транспарентноста на банките, како кон супервизорските органи, така и кон јавноста. Со ова се врши натамошно усогласување со европските регулативи, но и со подзаконската банкарска регулатива донесена од страна на Народната банка. Со Одлуката се воведуваат нови барања за објавување на квалитативните и квантитативните показатели за работењето на банките и особено за управувањето со ризиците и корпоративното управување. Согласно заложбите на Народната банка за придонес во справувањето со ризиците од климатските промени, во рамките на Одлуката се пропишуваат нови барања коишто се однесуваат на објавувањето податоци и информации за ризиците поврзани со климатските промени и еколошките, социјалните и управувачките ризици. Банките се обврзани да ги објавуваат најзначајните показатели со полугодишна динамика, додека останатите податоци на годишна основа. Исклучок од правилото се системски значајните банки коишто ќе имаат обврска за почесто известување и објавување. Заради споредливост и подобро информирање на јавноста, извештаите ќе се објавуваат во пропишаната форма, додека поради потребата од значителни промени во системите на банките, примената на најголемиот дел од извештаите ќе започне од 1 јануари 2025 година.
- На 7 февруари 2023 година, се одржа редовна седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на која беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,5 п.п. до нивото од 5,25%. Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, ќе се применува и повисока каматна стапка на кредитот преку ноќ. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,5 п.п. Овие каматни стапки ќе се применуваат од 15.2.2023 година.
- На седницата одржана на 27 февруари 2023 година, Советот на Народната банка, ја усвои новата Одлука за методологијата за управување со кредитниот ризик со која

се врши натамошно усогласување со новите регулаторни барања коишто започнаа да се применуваат во Европската Унија, а придонесуваат за натамошно јакнење на стабилноста на банкарскиот систем. Со Одлуката се определува нов начин на утврдување на нефункционалните кредитни изложености и се зајакнуваат критериумите за следење и контрола на квалитетот на кредитното портфолио на банките. Исто така, се унапредуваат правилата за реструктурирање на кредитните изложености на банките кон клиенти кои се соочуваат со финансиски тешкотии. Заради поголема транспарентност во работењето на банките и следење на нивната усогласеност од страна на Народната банка, Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик ги проширува информациите и податоците коишто треба да ги доставаат банките до Народната банка, за што треба да го прошират опфатот на системот за известување до централната банка. Така, новина во овој домен меѓу другото се и подетални информации за реструктурираните кредитни изложености, за следење на активностите на банките за намалување на нефункционалните кредитни изложености, како и за одобрените зелени кредити. Имајќи ги предвид новините коишто се воведуваат со Одлуката, Народната банка предвиде таа да се применува од 1 јануари 2024 година, со што ќе се обезбеди времето потребно за соодветни промени во системите на банките и за приспособување на нивното работење кон овие нови барања.

**март 2023 година**

- На 21 март 2023 година, се одржа редовна седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на која беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,25 п.п. до нивото од 5,50%. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити, исто така за по 0,25 п.п., со што каматните стапки на депозитите преку ноќ и на 7 дена ќе изнесуваат 3,40% и 3,45%, соодветно.

**април 2023 година**

- Советот на Народната банка, на редовната седница одржана на 28 април 2023 година, заради понатамошно јакнење на отпорноста на банкарскиот сектор, донесе одлука за воведување макропрудентни мерки за квалитетот на кредитната побарувачка, во согласност со европската практика. Во согласност со Законот за финансиска стабилност којшто стапи на сила минатата година, во декември 2022 година, Советот усвои одлука со која се воведоа макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка, односно прецизно се определи методологијата за пресметување на показателите преку кои се следи способноста на физичкото лице за отплаќање на месечните обврски врз основа на кредити, како и соодносот помеѓу износот на кредитот и вредноста на заложениот недвижен имот.

**мај 2023 година**

- На 9 мај 2023 година, се одржа редовна седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на која беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,25 п.п. до нивото од 5,75%. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити, исто така за по 0,25 п.п., со што каматните стапки на депозитите преку ноќ и на 7 дена ќе изнесуваат 3,65% и 3,70%, соодветно.

**јуни 2023 година**

- На 20 јуни 2023 година, се одржа редовна седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на која беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,25 п.п. до нивото од 6,00%. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити, исто така за по 0,25 п.п., со што каматните стапки на депозитите преку ноќ и на 7 дена ќе изнесуваат 3,90% и 3,95%, соодветно.

**јули 2023 година**

- Заради понатамошно јакнење на отпорноста на банкарскиот сектор, на својата редовна седница Советот на Народната банка донесе макропрудентна мерка за зголемување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите на домашните банки за 0,25 процентни поени, од претходно утврдените 0,75% на 1%, со почеток на примена од 1 јули 2024 година. Зголемувањето на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот има за цел да делува превентивно и да води кон натамошно зајакнување на капиталната позиција на банките, земајќи ги предвид тековните макроекономски услови и движењата на пазарот на недвижности. Оваа мерка е во согласност со мерките што се преземаат во поголем број земји во Европската Унија со кои се бара повисока адекватност на капиталот на банките како заштита од можните ризици од окружувањето.

**август 2023 година**

- На 1 август 2023 година, се одржа редовна седница на Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на која беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да се зголеми за 0,15 п.п. до нивото од 6,15%. На седницата беше донесена одлука за зголемување и на каматните стапки на расположливите депозити, исто така за по 0,15 п.п., со што каматните стапки на депозитите преку ноќ и на 7 дена ќе изнесуваат 4,05% и 4,10%, соодветно.
- На 1 август 2023 година, се одржа седница на Советот на Народната банка и беше донесена Одлуката за измена на Одлуката за задолжителната резерва, со којашто се изврши дополнително зголемување на стапката на задолжителна резерва на девизните обврски од 19% на 20%, зголемување на стапката којшто се применува на обврските во денари со девизна клаузула од 50% на 100%, како и пораст на процентот на одржување на задолжителната резерва на обврски во странска валута

во евра, од 77% на 80%. Ваквата одлука придонесува за натамошна поддршка на процесот на денаризација на билансите на банките.